ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 8 ДАТА 01.03.2019 ГОДИНА 37

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 8 ДАТА 01.03.2019 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОРИ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА МАЛ ФУДБАЛ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

# ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

## Дополнување на документација од Седница од 11.02.2019 година

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКУПИ 1927 АД„ Скопје: Махарафа Тандинда од ФК „Младост Добој„ од Какањ, од Босна и Херцеговина, по член 35/11.

- **Склучување на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927 АД„ од Скопје и фудбалерот Махарафа Тандинда склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 6 (шест) месеци, до Летен преоден рок 2019 година.

## Седница од 01.03.2019 година

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЧАИР А.М.„ Скопје: Муслиу Е. Ертан, по член 35/1.

ФК „КАРЕВ„ Скопје: Трпески С. Даниел, Костоски С. Мартин, Јовановски Д. Алексеј, Георгиев Г. Гораст, Иванов Ј. Стефан и Ибраим С. Амир, по член 35/1.

Комисија за избори и верификација

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0267-464/2
27.02.2019 год.

Врз основа на член 86 и член 88 став 1 т. 1, а вв со член 43 и член 91 и 91 б од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, Комисијата за избори и верификација во состав: Владимир Гашевски – претседавач, Горан Каркински- член, Горанчо Костовски -член и Борче Размоски –член, постапувајки по доставената на кандидатура за Претседател од ОФС Кичево бр. 0302-259/2 од 22.02.2019 година, на седница одржана на ден 27.02.2019 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Кандидатурата за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија на г-дин Муамед Сејдини од Кичево, роден на ден 25.11.1969 година, поднесена од Општински Фудбалски Сојуз Кичево, врз основа на Одлука бр. 03/8 од 21.02.2019 година на Собранието на Општински Фудбалски Сојуз Кичево **СЕ ПРИФАЌА.**

2. **СЕ УТВРДУВА** Муамед Сејдини од Кичево, роден на ден 25.11.1969 година за **Кандидат за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија**, на претстојното редовно генерално Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија кое ќе се одржи на ден 17 Март 2019 година.

3. Одлуката стапува на сила веднаш.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комисијата за избори и верификување на седницата одржана на ден 27.02.2019 година, ја разгледа поднесената документација за кандидатура на Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија од Општински фудбалски сојуз Кичево, примена во Фудбалската Федерација на Македонија под бр. 0302-259/2 на ден 22.02.2019 година и тоа: Одлука од Управен одбор на Општински фудбалски сојуз Кичево бр. 03/1 од 18.01.2019 година, Записник од редовно годишно собрание на Општински фудбалски сојуз Кичево одржано на ден 21.02.2019 година, заведена под деловоден бр. 03/9 од 21.02.2019 година, Одлука бр. 03/8 од 21.02.2019 година донесена од Собрание на Општински фудбалски сојуз Кичево одржано на ден 21.09.2019 година, Потврда бр. 03/11 од 21.02.2019 година од Општински Фудбалски сојуз Кичево, Уверение за неосудуваност КР-553/19 од 22.02.2019 година издадено од Основен суд Кичево за Муамед Сејдини, Потврда за казнена евиденција КР 554/19 од 22.02.2019 година за лицето Муамед Сејдини издадено од Основен суд Кичево, Уверение за државјанство бр. 12.1.8.2-01/239 од 21.09.2019 година за Муамед Сејдини, Уверение бр. 09-916/2 од 21.02.2019 година издадено од Јавна установа центар за социјална работа Кичево и потврда од Дисциплинска комисија на Фудбалска Федерација на Македонија бр. 08-456/2 од 25.02.2019 година.

Комисијата за избори и верификување врз основа на приложената документација ја утврди следната фактичка состојба: Управниот одбор на Општински фудбалски сојуз Кичево на седница одржана на ден 18.01.2019 година закажал Редовно генерално собрание на Општински фудбалски сојуз Кичево за ден 21.02.2019 година. На редовното генерално собрание на Општински фудбалски сојуз Кичево одржано на ден 21.02.2019 година, е донесена одлука со која се предлага Муамед Сејдини за кандидат за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија. Комисијата врз

основа на Потврда бр. 03/11 од 21.02.2019 година од Општински Фудбалски сојуз Кичево, Уверение за неосудуваност КР-553/19 од 22.02.2019 година издадено од Основен суд Кичево за Муамед Сејдини, Потврда за казнена евиденција КР 554/19 од 22.02.2019 година за лицето Муамед Сејдини издадено од Основен суд Кичево, Уверение за државјанство бр. 12.1.8.2-01/239 од 21.09.2019 година за Муамед Сејдини, Уверение бр. 09-916/2 од 21.02.2019 година издадено од Јавна установа центар за социјална работа Кичево и потврда од Дисциплинска комисија на Фудбалска Федерација на Македонија бр. 08-456/2 од 25.02.2019 година, утврди дека предложениот кандидат за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија од општински фудбалски сојуз Кичево, Муамед Сејдини роден на ден 25.11.1969 година е на возраст од 49 години, државјанин на Република Македонија, целосно деловно способен, активен учесник во активности на фудбалска организација, без изречена дисциплинска мерка забрана за вршење функција од страна на органи на ФФМ, УЕФА и ФИФА.

Со одредбата од член 91 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија е уредено дека (1) На предлог на надлежен орган на членките на ФФМ, Претседателот на ФФМ го избира Генералното собрание во пропишана постапка согласно утврдените критериуми Статут на ФФМ. (2)Во случај членките на ФФМ во своите статути да немаат определено надлежен орган, за надлежен орган се смета собранието на членката. (3)На кандидатот за Претседател на ФФМ од редот на утврдените делегати, по изборот на функцијата Претседател на ФФМ не му престанува функцијата делегат на собранието на ФФМ. (4)Кандидатот за Претседател на ФФМ кој не е од редот на утврдените делегати на собранието, по изборот на функцијата Претседател на ФФМ се стекнува со делегатски статус. (5)За исполнетоста на критериумите на кандидатите за претседател одлучува Комисијата за избори и верификување. (6)Претседателот на ФФМ по функција е Претседател на Генералното собрание и Претседател на Управниот одбор на ФФМ. (7)Претседателот на ФФМ кој се стекнал со делегатскиот статус по изборот за Претседател на ФФМ, во случај на престанок на функцијата Претседател на ФФМ пред истекот на мандатот, го губи делегатскиот статус. (8)Мандатот на Претседателот на ФФМ согласно одредбите на овој Статут изнесува 4 (четири) години со право на повторен избор.

Со одредбата од член 91 б од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија се утврдува дека (1)Во случај на престанок на функцијата Претседател на ФФМ пред истекот на мандатот, се спроведува вонреден избор на Претседател на ФФМ за преостанатото времетраење на мандатот. (2)На предлог на надлежен орган на членките на ФФМ, Претседателот на ФФМ го избира Генералното собрание, во пропишана постапка согласно член 91 и утврдените критериуми во овој Статут. (3)Исклучок од став 2 на овој член претставуваат членките на ФФМ кои дале предлог за член на УО кој е избран од страна на Генералното собрание. (4)Членките од претходниот став, за кандидат за Претседател на ФФМ имаат право да го предложат единствено избраниот член на Управниот одбор. (5) Доколку во период од 6 месеци, пред одржување на Вонредното изборно генерално собрание за избор на Претседател на ФФМ, на членовите на Управниот одбор им престане мандатот, врз основа на член 99 став 1 алинеа 3,4 и 5 од овој Статут, членката која го предложила членот на Управниот одбор, не може да го користи стекнататото право од став 4 на овој член, ниту може да предложи друг кандидат за Претседател.

Во одредбата од член 43 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија се утврдени критериуми за кандидат за Претседател, (1)Кандидатот за Претседател, член на орган или тело на ФФМ мора кумулативно да ги исполнува следните услови: 1. Да е државјанин на Република Македонија најмалку 10 години; 2. Да е целосно деловно способен и да има наполнето најмалку 18 години; 3. Активно да учествува/л во активностите на фудбалската организација; 4. Во периодот на избор да не е суспендиран, и да не издржува мерка забрана на вршење функција, изречена или потврдена од орган на ФФМ, УЕФА и ФИФА;5.Да не е исклучен од членство.

(2) Покрај наведените услови кандидатите за Претседател на ФФМ и членови на Управен одбор на ФФМ, треба да достават и потврда за неосудуваност за кривични дела за кои се изрекува казна затвор во траење подолго од 6(шест) месеци. (3)Кандидатот за Претседател, во годината кога му завршува мандатот, не смее да ја надмине возраста определена како највисока, согласно позитивните законски прописи кои го уредуваат и регулираат правото на остварување на старосна пензија. (4)Управниот одбор може да определи дополнителни критериуми за членство во постојаните и ад-хок комисии.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, врз основа на Одлуката од Управниот одбор на Општински фудбалски сојуз Кичево бр. 03/1 од 18.01.2019 година со која се свикува Редовно годишно Собрание на Општински фудбалски сојуз Кичево за ден 21.02.2019 година, Записникот од редовното годишно собрание на Општински фудбалски сојуз Кичево одржано на ден 21.02.2019 година, заведен под деловоден бр. 03/9 од 21.02.2019 година, како и Одлуката бр. 03/8 од 21.02.2019 година донесена од Собрание на Општински фудбалски сојуз Кичево одржано на ден 21.09.2019 година Комисијата констатира дека кандидатот за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија, Муамед Сејдини од Кичево роден на ден 25.11.1969 година е предложен од надлежен орган на членка на Фудбалската Федерација на Македонија во согласност со одредбите од член 91 и 91б од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија. Комисијата врз основа на Потврдата бр. 03/11 од 21.02.2019 година од Општински Фудбалски сојуз Кичево, Уверението за неосудуваност КР-553/19 од 22.02.2019 година издадено од Основен суд Кичево за Муамед Сејдини, Потврда за казнена евиденција КР 554/19 од 22.02.2019 година за лицето Муамед Сејдини издадено од Основен суд Кичево, Уверението за државјанство бр. 12.1.8.2-01/239 од 21.09.2019 година за Муамед Сејдини, Уверението бр. 09-916/2 од 21.02.2019 година издадено од Јавна установа центар за социјална работа Кичево и потврдата од Дисциплинска комисија на Фудбалска Федерација на Македонија констатира дека кандидатот за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија, Муамад Сејдини ги исполнува условите од член 43 став 1, 2 и 3 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија.

Имајќи во предвид се погоре наведено, Комисијата за избори и верификација донесе одлука како во диспозитивот.

**Комисија за избори и верификација**

Претседавач,

Владимир Гашевски

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука подносителот има право на жалба до Комисијата за жалби во рок од 3 (три) дена од денот на прием на одлуката, преку архивата на ФФМ.

**ДН:**

Општински фудбалски сојуз Кичево
Генерален Секретар на ФФМ
Управен одбор на ФФМ
Собрание на ФФМ
Архива
Макфудбал

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 15-458/2

Прва МФЛ: 2018 - 2019

Скопје: 26.02.2019 Година

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 26.02.2019 година донесе:

## ОДЛУКА

1. ФК РАБОТНИЧКИ АД - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

### Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 20 коло на Прва МФЛ 18/19 помеѓу, ФК РАБОТНИЧКИ АД - ФК СИЛЕКС АД, ја констатира следната фактичка состојба: 1Диулгеров Николај Велков со ИД 144509 фудбалер на ФК Работнички АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен втор жолт картон (прв во 59 минута поради недозволен старт и втор во 79 мин поради недозволен старт) во рамки на 20 коло на Прва МФЛ на натпреварот ФК Работнички АД-ФК Ренова АД одигран во Скопје на 24.02.2019 година

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК РАБОТНИЧКИ АД - Скопје
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 18-436/1.6-1**

**Футсал: 2018 - 2019**

**Скопје: 20.02.2019 Година**

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 43 од Пропозиции за Мал фудбал, Комисијата за Мал фудбал на ден 20.02.2019 година донесе:

# ОДЛУКА

1. КМФ БИЏО - Куманово се казнува со автоматска парична казна од 50.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ

## Образложение

Комисијата за Мал фудбал врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 13 коло Втора Футсал Лига помеѓу КМФ Биџо-КМФ Карадаку, ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот КМФ Биџо од Куманово Вукановиќ Никола со ИД број 114864 исклучен со директен црвен картон во 6 минута поради груба на натпреварот од 13 коло Втора футсал лига помеѓу екипите на КМФ Биџо-КМФ Карадаку одигран на ден 16.02.2019 година во Куманово.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КМФ Биџо -Куманово
- МакФудбал
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисијата за мал фудбал

Претседавач

Добре Иванов с.р.

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**Број: 18-436/1.6-6**

**Футсал: 2018 - 2019**

**Скопје: 20.02.2019 Година**

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 43 од Пропозиции за Мал фудбал, Комисијата за Мал фудбал на ден 20.02.2019 година донесе:

# О Д Л У К А

1. КМФ Железарец – Скопје се казнува со автоматска парична казна од 35.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ

## Образложение

Комисијата за Мал фудбал врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 17 коло Прва Футсал Лига помеѓу КМФ Проект Цико-КМФ Железарец,ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот КМФ Железарец од Скопје Насевски Дарко со ИД број 104183 исклучен со два жолти картона,првиот во 25 минута поради неспортско однесување и вториот во 25 минута поради неспортско однесување на натпреварот од 17 коло Прва футсал лига помеѓу екипите на КМФ Проект Цико-КМФ Железарец одигран на ден 15.02.2019 година во Вланадово.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КМФ Железарец–Скопје
- МакФудбал
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисијата за мал фудбал

Претседавач

Добре Иванов с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 18-436/1.6-2**

**Футсал: 2018 - 2019**

**Скопје: 20.02.2019 Година**

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 43 од Пропозиции за Мал фудбал, Комисијата за Мал фудбал на ден 20.02.2019 година донесе:

# О Д Л У К А

1. КМФ КАРАДАКУ – с.Липково се казнува со автоматска парична казна од 50.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје.**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ

## Образложение

Комисијата за Мал фудбал врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 13 коло Втора Футсал Лига помеѓу КМФ Биџо-КМФ Карадаку, ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот КМФ Карадаку од с.Липково Исени Егзон со ИД број 103398 исклучен со директен црвен картон во 6 минута поради груба на натпреварот од 13 коло Втора футсал лига помеѓу екипите на КМФ Биџо-КМФ Карадаку одигран на ден 16.02.2019 година во Куманово.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КМФ Карадаку –с.Липково
- МакФудбал
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисијата за мал фудбал

Претседавач

Добре Иванов с.р.

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**Број: 08-444/1.3**

**Датум и Година: 21.02.2019 Година**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ,Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ против Исени Егзон играч на КМФ Карадаку- с.Липково врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 21.02.2019 година донесе:

## ОДЛУКА

1 **Исени Егзон со ИД 103398 играч на КМФ Карадаку – с.Липково се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 2 (два) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 17.02.2019 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за Мал Фудбал, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 13 коло на Втора Футсал лига 18/19 помеѓу: КМФ БИЦО - КМФ КАРАДАКУ одигран на ден 16.02.2019 година во Куманово ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот на КМФ Карадаку Исени Егзон со ИД број 103398 исклучен со директен црвен картон во 6 минута поради неспортско однесување на натпреварот од 13 коло Втора футсал лига помеѓу екипите на КМФ Бицо-КМФ Карадаку одигран на16.02.2019година.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- КМФ Карадаку – с.Липково
- МакФудбал
- Архивата на ФФМ
- Сметководството на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседавач

Арбен Борова с.р.

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-444/1.4

Скопје: 21.02.2019 Година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ против Насевски Дарко играч на КМФ Железарец- Скопје врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 21.02.2019 година донесе:

## ОДЛУКА

1 **Насевски Дарко со ИД 104183 играч на КМФ Железарец - Скопје се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 16.02.2019 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 17 коло Прва Футсал Лига 17/18 помеѓу: КМФ Проект Цико- КМФ Железарец одигран на ден 15.02.2019 година во Валандово ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот КМФ Железарец Насевски Дарко со ИД број 104183 исклучен со два жолти картона,првиот 25 минута поради неспортско однесување и вториот во 25 минута поради неспортско однесување на натпреварот од 17 коло Прва футсал лига помеѓу екипите на КМФ Проект Цико-КМФ Железарец одигран на ден 15.02.2019 година во Кочани.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- КМФ БИЦО - Куманово
- ФФМ - МАКФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Дисциплинската комисија

Претседавач

Арбен Борова с.р.

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-444/1.2

null: 21.02.2019 Година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ,Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ против Вукановиќ Никола играч на КМФ БИЦО - Куманово врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 21.02.2019 година донесе:

## ОДЛУКА

1 **Вукановиќ Никола со ИД 114864 играч на КМФ БИЦО - Куманово се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 2 (два) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 17.02.2019 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за Мал Фудбал, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 13 коло на Втора Футсал лига 18/19 помеѓу: КМФ БИЦО - КМФ КАРАДАКУ одигран на ден 16.02.2019 година во Куманово ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот на КМФ Бицо Вукановиќ Никола со ИД број 114864 исклучен со директен црвен картон во 6 минута поради неспортско однесување на натпреварот од 13 коло Втора футсал лига помеѓу екипите на КМФ Бицо-КМФ Карадаку одигран на16.02.2019година.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- КМФ БИЦО - Куманово
- МакФудбал
- Архивата на ФФМ
- Сметководството на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседавач

Арбен Борова с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-458/2
27.02 2019 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач,Мартин Саздов –Член, Дејан Бошков- член,Сашка Зердеска-член,Кармен Цилакова-член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-458/1 од 25.02.2019 година против Николај Диулгеров со ИД 144509, фудбалер на ФК Работнички АД исклучен од натпреварот одигран на ден 24.02.2019 година во рамки на 20 коло од Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Работнички АД-Ф.К.Силекс АД поради добиен втор жолт-црвен картон , врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 27.02.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Против **Николај Диулгеров со ИД 144509, фудбалер на ФК Работнички АД** исклучен од натпреварот одигран на ден 24.02.2019 година во рамки на 20 коло од Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Работнички АД-Ф.К.Силекс АД поради добиен втор жолт-црвен картон,**СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар.**

2. Дисциплинската мерка тече од 25.02.2019 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за бр. 15-458/1 од 25.02.2019 година против Николај Диулгеров со ИД 144509, фудбалер на ФК Работнички АД исклучен од натпреварот одигран на ден 24.02.2019 година во рамки на 20 коло од Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Работнички АД-Ф.К.Силекс АД поради добиен втор жолт-црвен картон,ги разгледа предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 24.02.2019 година е одигран натпреварот во рамки на **20** коло од Прва МФЛ помеѓу, Ф.К.Работнички АД-Ф.К.Силекс АД на Арена Филип Втори Македонски.Во 59 минута минута од натпреварот на играчот со број 8 Николај Диулгеров со ИД 144509, фудбалер на ФК Работнички АД му е жолт картон поради недозволен старт,на истиот играч во 79 минута му е доделен втор жолт картон-црвен картон поради недозволен старт врз противнички играч. Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека пријавениот сторил прекршокод член 35 од ДП на ФФМ.Комисијата при одмерување на казната го имаше во предвид член 3 од ДП на ФФМ како и сите олеснителни и отежнителни околности кои постојат во конкретниот случај,а особено ги имаше во предвид тежината на сторениот прекршок,степенот на одговорностна сторителот,побудите од кои е сторен прекршокот,како и поранешното однесување на сторителот,по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ФК Работнички АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**
Деловоден број 0801- 458/2

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**